**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**
**СУ-02.бр.9-4/18**
**13.04.2018 год.**
**В Е Л Е С**

Претседателот на Основен суд Велес Александар Шопов, врз основа на чл.26 ст.3 од Законот за јавни набавки, (пречистен текст објавен во Службен весник на РМ бр.27/2015 и Законите за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки објавени во Службен весник на РМ бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/16, бр.120/16 и 165/17), а по доставеното Известување-Барање на Апелациониот суд Скопје Су-02-2/18-27 од 13.04.2018 година за измена на годишниот план за јавни набавки во делот на Групна Јавна набавка на хартија за печатење и копирање, на ден 13.04.2018 год. донесува:

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2018 год. НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Основен суд Велес во делот I. Договори за јавни набавки на стоки-точка 1, се менува и гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката за (месец ) | Проценета вредност на договорот без ДДВ (денари) | Вид на постапката |
|---|---|---|---|---|---|
| | **I. Договори за јавни набавки на стоки** | | | | |
| 1 | Хартија за печатење и фотокопирање со тежина од 80 грама, бела боја, формат А-4, (1 топ / 500 листа) до 500 топа максимална количина. | | Согласно одлука на Апелациониот суд Скопје. | 72.850,00 ден. | Групна набавка која ќе се врши преку Апелациониот суд Скопје. |

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Претседателот на судот беше донесен Годишен план за јавни набавки за 2018 година на Основен суд Велес СУ-02.бр.9-1/18 од 31.01.2018 год., дополнет со одлука СУ-02.бр.9-2/18 од 09.02.2018 година.

По донесувањето на Годишниот план за јавни набавки, од страна на Апелациониот суд Скопје до Основен суд Велес доставено е Известување-Барање за измена на годишниот план за јавни набавки во делот на Групна Јавна набавка на хартија за печатење и копирање, Су-02-2/18-27 од 13.04.2018 година.

Имајќи ги во предвид доставеното Известување-Барање за измена на годишниот план за јавни набавки во делот на Групна Јавна набавка на хартија за печатење и копирање од Апелациониот суд Скопје, следуваше Претседателот на судот, согласно чл.26 ст.3 од Законот за јавни набавки (пречистен текст објавен во Службен весник на РМ бр.27/2015 и Законите за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки објавени во Службен весник на РМ бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/16, бр.120/16 и 165/17), да го измени Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Основен суд Велес.

Претседател на судот
Александар Шопов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД - ВЕЛЕС